Почитувани,
Дозволете ми на сите верници од православна вероисповед да Ви упатам искрени честитки по повод големиот христијански празник Свети Климент Охридски.
Како најистакнат ученик на Светите браќа Кирил и Методиј, ја продолжил мисијата на православието, солидарноста и јакнењето на христијанскиот дух и вредности кај луѓето и нивно подучување и описменување.
Свети Климент Охридски е основач на Охридската архиепископија, прв епископ, основоположник на Охридската Книжевна школа и творец на кириличното писмо, втемелувач на старословенскиот јазик како службен јазик на православната црква.
Нека ни е честит празникот и за многу години.